**ГРАД СКОПЈЕ**

**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации**

ПРЕТСТАВНИК: **Раководител на Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации**

# ПРЕДЛОГ – ОДЛУКА

## за давање помош на настраданите од катастрофалниот земјотрес во Венецуела

Скопје, јули 2026 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24) и член 24 од Одлуката за извршување на Буџетот на Град Скопје за 2026 година ("Службен гласник на Град Скопје" број 14/2025), Советот на Град Скопје на ______________ седница, одржана на _________ 2026 година, донесе

О Д Л У К А
за давање помош на настраданите од катастрофалниот земјотрес во Венецуела

Член 1

Градот Скопје, како израз на солидарност кон настраданите од катастрофалниот земјотрес во Венецуела, дава парична помош во вкупен износ од 1.200.000,00 денари.

Паричната помош ќе се реализира преку уплата на средствата на Фондот на солидарноста на Црвениот крст на Република Северна Македонија.

Член 2

Паричните средства од член 1 од оваа одлука се обезбедени во Буџетот на Град Скопје за 2026 година, потпрограма А0, ставка 412, Постојана резерва (непредвидливи расходи).

Член 3

За реализација на оваа Одлука се задолжува Градоначалникот на Град Скопје.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Град Скопје".

бр.27-________
Скопје, _______

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
Претседател
Даме Димитровски

О б р а з л о ж е н и е

Правниот основ за донесување на предложената Одлука е член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” број 5/02) со кој е утврдено дека Советот на Градот Скопје е надлежен да донесува ваков вид на акти. Во член 24 од Одлуката за извршување на Буџетот на Град Скопје за 2026 година (“Службен гласник на Град Скопје” број 14/2025), е предвидено дека за средствата утврдени во Буџетот во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот, а ги извршува Градоначалникот.

Скопје стана град на светската солидарност и хуманост по катастрофалниот земјотрес во кој загинаа над илјада луѓе. Од дури 87 земји, во Скопје пристигаше помош од секаков вид: храна, облека, спасувачки екипи, медицински персонал. Генералното собрание на ОН едногласно усвои резолуција за доделување помош за реконструкција на Скопје. Таа помош му овозможи на градот да го добие денешниот изглед на еден модерен урбан град. Така Скопје стана град на меѓународна солидарност.

Како израз на солидарноста кон трагично настраданите од земјотресот кој ја погоди Венецуела на 24.06.2026 година во којнад 1700 луѓе го изгубија својот живот, а над 5000 се повредени, се предлага Град Скопје да издвои парична помош во висина од 1.200.000,00 денари.

Од наведените причини се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената одлука.